Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Се прогласува Законот за заштита од пушењето,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 јули 1995 година.

Бр. 08-2723/1
19 јули 1995 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Со овој закон се уредува заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз граѓаните, зачувувањето на здрава животна средина, забрана на пушењето во одредени јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите.

Член 2

Јавни простории во смисла на овој закон се подразбираат:

– објекти во кои се врши воспитно-образовна дејност и објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти;
– објектите на здравствените и социјалните установи;
– затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни манифестации, собири и други јавни приредби;
– средства за јавен превоз на патници;
– објекти во кои се произведува, подготвува, служи, продава или консумира храна;
– простории во кои се одржуваат состаноци и средби и
– други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници) кои ќе ги определи со акт правното лице согласно со овој закон.

Член 3

Во јавните простории од член 2 на овој закон, одговорното лице на правното лице ќе определи просторија во која може да се пуши, доколку има можности, а во сите други простории ќе истакне знак за забрана на пушењето и ќе обезбеди контрола на забраната на пушењето.

Определувањето на јавни простории и истакнувањето на знакот за забрана на пушењето од став 1 на овој член ќе се изврши во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигари и тутунската индустрија на телевизијата и радиото.

Член 5

Се забранува продажба на цигари и тутун на лица помлади од 16 години во прометот на мало.

Член 6

Производителот на цигарите е должен на опаковката да отпечати порака на предупредување дека пушењето е штетно по здравјето.

Пораките за предупредување од став 1 на овој член ги определува министерот за здравство во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон.

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 7

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши пазаришната инспекција, здравствената инспекција, просветната инспекција и трудовата инспекција, согласно со надлежностите утврдени со закон.

Член 8

Надлежниот инспектор во преземањето мерки согласно со овој закон, донесува решенија.

Против решението од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до министерот на надлежното министерство во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.

Жалбата против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението.

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со парична казна од 50 до 60 плати ќе се казни за стопански престап претпријатие или друго правно лице, ако постапи спротивно на членовите 3, 4, 5 и 6 од овој закон.

За стопански престап од став 1 на овој член со парична казна од пет до десет плати ќе се казни и одговорното лице во претпријатието или друго правно лице.

Член 10

Со парична казна од една петтина до една третина од плата ќе се казни за прекршок физичко лице ако пуши во просторија каде што е забрането пушењето (член 2).

За прекршок од став 1 на овој член со парична казна од една петтина од плата физичко лице може да се казни и на самото место на прекршокот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за забрана на пушењето во јавни и работни простории („Службен весник на СРМ“ број 28/88).

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.